**Јордан Плевнеш**

# Б Е С Е Д А  З А  Ј И Р Ж И  М Е Н Ц Е Л

РОДЕН И УЧЕН ВО СРЦЕТО НА ЕВРОПА,

ВО ВРУТОКОТ НА МОДЕРНИТЕ ПРИКАЗАНИЈА,

ЗАДОЕН ВО СИНКРЕТИЧКАТА ЧЕКАЛНА СО НАТПИС *ПРАГА*,

ЧЕШКИОТ ЃОРГИ,

ТОА ЧЕДО НА ПЛАЧЛИВИОТ, АМА ВЕДАР ХУМОР,

СО ПОСРЕДСТВО НА ПОДАРЕНАТА МУ ОД БОГА

ОСНОВНА ПРОФЕСИОНАЛНА АЛАТКА -

КАМЕРАТА,

ПОТВРДЕНА И СО ПРИЗНАНИЕТО *ЗЛАТНА КАМЕРА 300*

НА ПРАГОТ ОД НОВИОТ МИЛЕНИУМ,

СО ПАТЕРИЦА,

ДОЈДЕ ПРВ ПАТ МЕЃУ НАС,

ВО ГРАДОТ КОЈ ГО ПОТПАЛИЛ ПИКОЛОМИНИ.

И НИЗ ВЕРАТА И СКЕПСАТА,

НЕ НАПРАВИ ПООСЕТЛИВИ ЗА МИРИСОТ НА ЛАСТОВИЧКИТЕ НА ЖИЦАТА,

ТА ГО НАСЛИКА ФИЛМСКИОТ ПЕЈЗАЖ ВО ЗНАК НА

СЛУГУВАЊЕТО НЕ САМО НА АНГЛИСКИОТ КРАЛ,

ТУКУ И НА ЦЕЛОКУПНИОТ ДВОР НА ТРАНЗИЦИОНА ЕВРОПА,

И СО ТОА

ПОВТОРНО ГИ ВОСКРЕСНА СВОИТЕ ПОЕТСКО-БОЕМСКИ СИНТЕЗИ

КАДРИРАНИ ВО СТИЛОТ НА ЕДЕН ВЕЛИК МАЈСТОР НА ПОДВИЖНИТЕ СЛИКИ.

ДА,

ТОА Е ЕДЕН ОД ВЕЛИКАНИТЕ НА ВЕКОТ

ВО КОЈШТО ТРАГИ ОСТАВИЈА И ДЕЛАТА НА

ЧАПЕК, ДВОРЖАК, ХАШЕК, ХРАБАЛ, ХАВЕЛ, ХУС, КАФКА, МАСАРИК, МУХА, НЕРУДА, ПАЛАЦКИ, РИЛКЕ, СЕИФЕРТ, СМЕТАНА,

НО И НА

КАЗАНОВА, АЈНШТАЈН, КЕПЛЕР И МОЦАРТ -

СИТЕ, ЖИТЕЛИ ПОВРЗАНИ СО САДОВИТЕ ОД

ЗЛАТНОТО СРЦЕ НА ЕВРОПА,

НЕДАЛЕКУ ОД МОРАВСКАТА ОБЛАСТ,

ОНАМУ КАДЕ БРАТОТ МЕТОДИЈ, КАКО КНЕЗ ОД ВОДОЧА,

ПРИСТИГНА ВО ЗНАК НА СЛОВЕНСКАТА ИДЕЈА,

РАЗБИРАЈЌИ ГО СВЕТОТ БЕЗ ГРАНИЦИ

И ИСПИШУВАЈЌИ ГИ ПРВИТЕ СЛОВА

ВО ПАРАГРАФОТ ПРЕДВИДЕН ЗА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА НА

ЛУЃЕТО, НАРОДИТЕ И ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ.

ВЕЧЕРВА, ГОРДИ И СРЕЌНИ ШТО ПАК Е ТУКА,

МЕЃУ НАС, ВО МАКЕДОНИЈА,

СО ПОСРЕДСТВО НА *ЗЛАТНИОТ ОБЈЕКТИВ* ЗА

НЕГОВОТО ОСНОВНО СРЕДСТВО ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ -

КАДАРОТ,

ИМАМ ОСОБЕНА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО

НО И УВАЖЕНИЕ,

ДА ЈА УДРАМ ПРВАТА КЛАПА ОД НАЈНОВАТА ФИЛМСКА СОДРЖИНА:

ЈИРЖИ МЕНЦЕЛ - ПРОФЕСОР ХОНОРИС КАУЗА НА ЕСРА.

ЧЕСТИТО, ПАНЕ МЕНЦЕЛ!